A joint initiative of the OECD and the European Union, principally financed by the EU

VI ИПА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ: КАКО СЕ ПРИМЕНУВА ДИРЕКТИВАТА НА ЕУ И КАКО ТАА ФУНКЦИОНИРА НА НИВО НА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ НА ЕУ

Елизабет Ставрески

elizabethstavreski@hotmail.com

Danilovgrad, Montenegro, 20-21 June 2013

© OECD

Директива за комунални дејности (2004/17)

Се применува за јавните набавки на услуги, стоки или работи во кои се вклучени комунални претпријатија (т.е., јавни и одредени приватни тела кои се занимаваат со водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги), а кои се поврзани со комунална дејност.

Основна филозофија

- Комуналните претпријатија кои функционираат врз основа на ексклузивна дозвола имаат моќ на статутарен или речиси статутарен монопол во нивната соодветна област и затоа треба да се регулираат во однос на сите набавки кои ги преземаат. Според тоа, јавните субјекти не се единствените кои треба да ги следат правилата на ЕУ во однос на набавката на стоки, услуги и работи, туку исто така и приватните тела.
- Меѓутоа, онаму каде што дошло до либерализација на пазарот со што тој се отворил за конкурентни активности, постои став дека веќе нема потреба за регулирање на активностите на јавните набавки ниту кај јавниот сектор ниту кај приватните комунални претпријатија.
- Препознавајќи ја покомерцијалната природа на пазарот, Директивата е пофлексибилна и општо помалку ограничена, вклучувајќи повисоки прагови, поголем број опции во однос на тоа кога и како се презентираат можностите за доделување договори, помала контрола над спроведувањето на фазите на избор и евалуација, како и користење на пофлексибилни алатки за набавка.

Контекст на комуналните дејности

- Во голем број земји-членки на ЕУ, секторот на комунални дејности им е доверен на владини организации кои се јавни тела
- Целосно приватни (не јавни тела)
- Комбинирана економија, каде на пазарот делуваат и јавни и приватни тела

3 вида на дефинирани субјекти

- Договорни органи (исто како и во Директивата за јавниот сектор)
- Јавни претпријатија - секое претпријатие врз кое јавните органи може да имаат директно или индиректно доминантно влијание врз основа на сопственост или финансиско учество.
- Субјекти кои делуваат врз основа на посебни или ексклузивни права
  - Кои не се јавни органи или јавни претпријатија
  - Кои вршат релевантна дејност
  - Кои делуваат врз основа на посебни или ексклузивни права доделени од страна на надлежен орган во дадената земја-членка.

Релевантни дејности

Водоснабдување – активности кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење, вклучувајќи и хидротехника, дренажа на земјиштето и канализациски системи, но не методи на снабдување флаширана вода.

Енергетика - вклучувајќи работење на фиксна мрежа наменета за поврзување, производство, транспорт или дистрибуција на електрична енергија, гас или топлинска енергија, како и нивно снабдување. Исто така, тука се вклучува и истражување за вадење нафта, гас, јаглен.

Транспортни услуги – железници, автоматизирани системи, трамваи, тролејбуси, автобуси и жичарници, користење на географски области како аеродроми, поморски или внатрешни пристаништа или други терминални капацитети кои се користат од транспортни компании кои вршат воздушен, поморски или внатрешен воден транспорт.

Поштенски услуги – царинење, сортирање, испраќање и испорака на поштенски предмети, како и управување со поштенски оддели и логистички услуги кои ги обезбедуваат субјектите што вршат поштенски услуги.

*** кога даден субјект врши активности кои не се „релевантни“, договорите не се предмет на Директивата за комунални дејности.

Опфатени договори

- Работи
- Стоки
- Услуги

Прагови од 5.000.000 евра за работи и 400.000 евра за договори за стоки и услуги и идејни решенија.

Постапки за набавки

- Отворена постапка
- Ограничена постапка
- Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас

Одредбите за спроведување на постапката за набавка се помалку детални и помалку прескриптивни од оние во јавниот сектор. На пример, нема исцрпни критериуми за утврдување на способноста, рокот за примање на понудите е врз основа на меѓусебни договори.

Сè уште се применуваат општите начела за обезбедување на еднаков третман и транспарентност, како и за ненарушување на конкуренцијата.

Алатки за набавки

- Квалификациски системи- економските оператори кои се заинтересирани да склучат договор со комунално претпријатие се пријавуваат за да се регистрираат како даватели на услуги користејќи однапред дефинирани и објавени критериуми за утврдување на способноста
- Рамковни спогодби
- Електронски аукции
- Идејни решенија
- Динамички системи за набавки

Исклучоци

- Врз основа на практичните сфаќања поврзани со набавувањето или со степенот на конкурентност на ваквите пазари, на пр. набавка на гориво за производство на енергија, набавка на вода за водоснабдителни системи, автобуски превоз и експлоатација на наоѓалишта на нафта и експлоатација на гас.
- Поврзани претпријатија помеѓу друштва во заедничка сопственост или зависни друштва - се третираат како „внатрешни“ договори
- Набавка за препродажба или повторно ангажирање
- Директивата за комунални дејности не се применува за договори во земји надвор од ЕУ

Исклучок на членот 30

- Членот 30 од Директивата за комунални дејности предвидува општ исклучок од оваа Директива за комунална дејност во земја-членка каде што се врши дејноста, под услов конкретната дејност да е „директно изложена на конкуренција на пазари на коишто не е ограничен пристапот“.
- Ваквиот исклучок е применлив само доколку Комисијата потврдила преку формална одлука дека во дадената земја-членка се исполнети потребните конкурентни услови на пазарот.
- Вообичаените исклучоци вклучуваат производство и снабдување со електрична енергија, експлоатација на нафта и гас и обезбедување услуги на брза пошта и курирски услуги.

	Либерализиран пазар и конкуренција	Либерализиран пазар Доминантни се јавните оператори	Јавен монопол	Либерализиран пазар Доминантни се приватните оператори	Приватен монопол
Водоснабдување	Естонија	Австрија Бугарија Германија Данска Унгарија Италија Полска Романија Шведска Словенија	Белгија Кипар Чешка Финска Грција Ирска Литванија Луксембург Летонија Малта Холандија Португалија	Франција	Шпанија Словачка Обединетото Кралство
Енергетика	Австрија Германија Финска Луксембург Холандија Шведска Обединетото Кралство	Белгија Естонија Франција Унгарија Ирска Италија Литванија Полска Романија Словенија	Кипар Чешка Малта Словачка	Бугарија Данска Шпанија Грција Португалија	

	Либерализиран пазар и конкуренција	Либерализиран пазар Доминантни се јавните оператори	Јавен монопол	Либерализиран пазар Доминантни се приватните оператори	Приватен монопол
Транспорт	Чепка Финска Литванија Малта Португалија Шведска Словачка Обединетото Кралство	Белгија Бугарија Данска Естонија Франција Унгарија Ирска Италија Луксембург Словенија Летонија Холандија Полска Романија	Австрија Кипар Германија Шпанија Грција Португалија		
Поштенски услуги	Литванија Луксембург Холандија	Белгија Бугарија Чешка Естонија Шпанија Грција Унгарија Ирска Италија Летонија Португалија Романија Шведска Словенија Словачка Обединетото Кралство	Кипар Германија Данска Финска Франција Полска		Малта

Поштенски услуги

- Поштенските услуги беа неодамна либерализирани и строго се следат за да се обезбеди дека придобивките од отворањето на пазарот, вклучувајќи ги и легитимните цели од јавен интерес, не се погодени од антиконкурентни пракси од страна на властите и друштвата.
- Новата рамка за Услугите од општ економски интерес – SGEI – што стапи во сила на 31ви јануари ѝ овозможува на Комисијата поактивно да ги поттикнува ефикасноста и квалитетот кај одредени јавни услуги, вклучувајќи ги и поштенските услуги, како и да ја зајакне конкуренцијата во индустријата.
- Во јануари, Комисијата го одби предложеното преземање на „ТНТ Експрес“ од страна на УПС. Планираната зделка, меѓу другото, би го намалила бројот на друштва кои ги контролираат паневропските мрежи за транспорт на пратки од четири на три друштва.
- Голем број европски друштва користат услуги на експресна испорака на пратки како дел од нивните логистички синџири, особено при прекугранични испораки. Според тоа, важно е цените на ваквите услуги да бидат ограничени преку силна конкуренција.

Енергетика

- Пазарот на енергетика има значителен напредок во последните неколку години преку вистинската конкуренција и извозот и увозот на електрична енергија, што сепак е ограничено во рамки на Западна Европа.
- Најголем дел од националните електрични мрежи и генератори на електрична енергија се во државна контрола.
- Прекуграничното тргување со гас и електрична енергија е вообичаена пракса во земји како Германија, Шведска, Франција, Италија, Швајцарија, Норвешка, Холандија, Обединетото Кралство, Шпанија.
- Реалната конкуренција на енергетските пазари во Централна и Источна Европа сè уште не е реалност.
- Придвижувањето кон заеднички пазар на електрична енергија и придвижувањето кон супер мрежа на електрична енергија насекаде во ЕУ е клучен приоритет.

- Регулацијата е навистина сложена и нема две исти земји
- Регулаторите поставуваат сè поголеми барања при реагирањето во однос на загриженоста на корисниците и сè повисоките цени.
- Комуналните претпријатија гледаат значителни можности
  - Сè поголема побарувачка на енергија кај пазарите во развој
  - Стекнувања или здружувања за да се добијат нови способности
  - Раст во енергетиката и пазарите на сродни услуги
- Ризиците вклучуваат политичко мешање и нестабилност на пазарот.
- Зголемување на рамковните спогодби и склучувањето на договори врз основа на квалитетот каде што комуналното претпријатие врши капитална инвестиција, а потоа му се плаќа преку заштедите добиени преку нивните инвестиции, на пр. инсталирање на енергетски ефикасни улични светилки.
- Зголемувањето на глобализацијата на капиталното инвестирање ја намалува важноста на националноста во однос на сопственоста на комуналните претпријатија.
  Во Обединетото Кралство, 40% од инфраструктурата кај енергетиката, водоснабдувањето, транспортот и комуникациите е во сопственост на странски инвеститори.